ОСИГУРУВАЊЕ МАКЕДОНИЈА
VIENNA INSURANCE GROUP

Врз основа на член 384 став 2 точка 1, а во врска со член 408 став 1 точка 11 и член 480 од Законот за трговските друштва, член 39 став 7 и став 8 од Правилата за котација на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје, член 2 став 1 точка 2 од Правилникот за содржината на редовните известувања кои друштвата за осигурување и/или реосигурување и други лица ги доставуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување согласно Законот за супервизија на осигурување, член 20 и член 50 од Статутот бр.0201-3562/8-1 од 23.04.2019 година на **Осигурување МАКЕДОНИЈА а.д Скопје - Виена Иншуренс Груп** (во понатамошен текст: Друштвото), а во врска со **точка 1, точка 2, точка 3 и точка 4 од работниот дел на дневниот ред на Јавниот повик** за свикување на Годишно собрание за деловната 2020 година бр.02-2585/2-1 од 05.04.2021 година, акционерите на Друштвото на **Годишното собрание на Друштвото за деловната 2020 година** одржано на ден на **10.05.2021 година**, ја усвоија следната:

# ОДЛУКА

**за усвојување на финансиските извештаи, годишната сметка, годишниот извештај за работење и извештајот на овластениот надворешен ревизор за извршената ревизија за деловната 2020 година**

1. Се усвојуваат **Финансиските извештаи на Друштвото за деловната 2020 година**, за кои е добиено позитивно ревизорско мислење од страна на овластениот надворешен ревизор и позитивно мислење од страна на Надзорниот одбор на Друштвото.

2. Се усвојува **Годишната сметка на Друштвото за деловната 2020 година** за која е добиено позитивно ревизорско мислење и позитивно мислење од страна на Надзорниот одбор на Друштвото, и се утврдува дека на основа на Билансот на сеопфатна добивка во деловната 2020 година се остварени следните финансиски резултати:

| | |
|---|---|
| – вкупно приходи | **777.124.313,00 МКД** |
| – вкупно расходи | **714.578.354,00 МКД** |
| – добивка пред оданочување | **62.545.959,00 МКД** |

3. По пресметаниот данок на добивка за деловната 2019 година, утврдено е:

| | |
|---|---|
| – Данок на добивка, односно загуба | **7.975.728,00 МКД** |
| – Вкупна добивка по оданочување | **54.570.231,00 МКД** |

4. Се усвојува **Годишниот извештај за работењето на Друштвото за деловната 2020 година**, со вклучени актуарски извештај и актуарска потврда изготвени од страна на овластениот актуар на Друштвото, за кои е добиено позитивно ревизорско мислење и позитивно мислење од страна на Надзорниот одбор на Друштвото, во текст и содржина, кои се составен дел на оваа Одлука.

5. Се усвојува **Извештајот за извршената ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи за деловната 2020 година** од овластениот ревизор Друштво за ревизорски услуги ПРАЈСВОТЕРХАУСКУПЕРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје, за кој е добиено позитивно мислење од страна на Надзорниот одбор на Друштвото.

6. Годишниот извештај од став 4, Актуарскиот извештај и потврда од став 4, како и Извештајот за извршената ревизија и финансиските извештаи за деловната 2020 година од став 5 на оваа Одлука, преставуваат составен дел на оваа Одлука.

7. Оваа Одлука ќе се објави на официјалната интернет страница на Друштвото и на СЕИ НЕТ системот на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје.

ул. 11 Октомври бр. 25, П. фах: 27, 1000 Скопје
Република Македонија
Телефон: +389 (0)2 3115 188
Факс: +389 (0)2 3137 154
e-mail: info@insumak.mk

8. Оваа Одлука ќе се достави до Агенцијата за супервизија на осигурување.

9. Оваа Одлука стапува на сила на денот на донесувањето.

**ГОДИШНО СОБРАНИЕ**
**Претседавач**

________________________________